УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 81
UDC 82
UDC 008

ISSN 2545-3998

# ПАЛИМПСЕСТ

МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

# PALIMPSEST

INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

PALMK, VOL 2, NO 4, STIP, MACEDONIA, 2017

ГОД. II, БР. 4
ШТИП, 2017

VOL. II, NO 4
STIP, 2017

# ПАЛИМПСЕСТ

Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања

# PALIMPSEST

International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research

Год. II, Бр. 4
Штип, 2017

Vol. II, No 4
Stip, 2017

PALMK, VOL 2, NO 4, STIP, MACEDONIA, 2017

**ПАЛИМПСЕСТ**
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

**ИЗДАВА**
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип,
Република Македонија

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
Ранко Младеноски

**УРЕДУВАЧКИ ОДБОР**
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Георгета Раца, Универзитет Банат, Романија
Астрид Симоне Г游ослер, Универзитет Банат, Романија
Горан Калоѓера, Универзитет во Риека, Хрватска
Дејан Дуриќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Зеки Ѓурел, Универзитет Гази, Република Турција
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија

**PALIMPSEST**
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

**PUBLISHED BY**
Goce Delcev University, Faculty of Philology, Stip,
Republic of Macedonia

**EDITOR-IN-CHIEF**
Ranko Mladenoski

**EDITORIAL BOARD**
Victor Friedman, University of Chicago, United States of America
Tole Belcev, Goce Delcev University, Republic of Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delcev University, Republic of Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Georgeta Rata, Banat University, Romania
Astrid Simone Grosler, Banat University, Romania
Goran Kalogjera, University of Rijeka, Croatia
Dejan Duric, University of Rijeka, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Zeki Gurel, GAZİ University, Republic of Turkey
Elena Daradanova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany

**РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Светлана Јакимовска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска

**ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ**
Даница Гавриловска–Атанасовска (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)
Светлана Јакимовска (француски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
Славе Димитров

**АДРЕСА**
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип, Македонија

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип:
http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.
Трудовите се рецензираат.

**EDITORIAL COUNCIL**
Dragana Kuzmanovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Svetlana Jakimovska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska

**LANGUAGE EDITORS**
Danica Gavrilovska-Atanasovska (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Marija Leontik (Turkish language)
Svetlana Jakimovska (French language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)

**TECHNICAL EDITOR**
Slave Dimitrov

**ADDRESS**
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip, Macedonia

The International Scientific Journal “Palimpsest” is issued twice a year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip:
http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.
All papers are peer-reviewed.

## BIBLIOGRAPHIC INFORMATION



| | |
|---|---|
| **Journal Name** | PALIMPSEST<br>International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research |
| **Abbreviation** | PALMK |
| **ISSN (print)** | 2545-398X |
| **ISSN (online)** | 2545-3998 |
| **Knowledge field: UDC code** | UDC 81<br>UDC 82<br>UDC 008 |
| **Article Format** | HTML/ PDF; PRINT/ B5 |
| **Article Language** | Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish, Italian |
| **Type of Access** | Open Access e-journal |
| **Type of Review** | Double-blind peer review |
| **Type of Publication** | Electronic version and print version |
| **First Published** | 2016 |
| **Publisher** | Goce Delcev University, Faculty of Philology,<br>Stip, Republic of Macedonia |
| **Frequency of Publication** | Twice a year |
| **Subject Category** | Language and Linguistics, Literature and Literary Theory, Education, Cultural Studies |
| **Chief Editor** | Ranko Mladenoski |
| **Country of Origin** | Republic of Macedonia |
| **Online Address** | http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL |
| **E-mail** | palimpsest@ugd.edu.mk |
| **Profiles** | **Academia edu**<br>https://wwwugd.academia.edu/<br>PALIMPSESTПАЛИМПСЕСТ<br><br>**Research Gate**<br>https://www.researchgate.net/profile/Palimpsest_<br>Palimpsest2<br><br>**Facebook**<br>Palimpsest / Палимпсест<br><br>**Twitter**<br>https://twitter.com/palimsest22<br><br>**SCRIBD**<br>https://www.scribd.com/user/359191573/Palimpsest-<br>Палимпсест |

**СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS**

11 **ПРЕДГОВОР**
Нина Даскаловска, уредник на „Палимпсест“
**FOREWORD**
Nina Daskalovska, editor of Palimpsest

**ЈАЗИК / LANGUAGE**

15 **Svetlana Jakimovska**
ANALYSE COMPARATIVE DE L'ÉTYMOLOGIE DES TERMES ORTHODOXES MACÉDONIENS ET FRANÇAIS
**Svetlana Jakimovska**
COMPARATIVE ANALYSIS OF FRENCH AND MACEDONIAN ORTHODOX TERMS ETYMOLOGY

25 **Семина Бекир**
ТУРЦИЗМИТЕ ВО ПОЕЗИЈАТА НА РИСТО ЛАЗАРОВ ОД 1972 ДО 1990 ГОДИНА
**Semina Bekir**
TURCISMS IN THE POETRY OF RISTO LAZAROV FROM 1972 TO 1990

35 **Marco Mazzoleni**
"ORMAI CADEVA" = 'STAVA (QUASI) PER CADERE'
**Marco Mazzoleni**
"ORMAI CADEVA" = 'HE NEARLY / ALMOST FELL (OVER)'

**КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE**

47 **Konan Koffi Syntor**
UN REGARD SUR LE CONTRAT DE LECTURE DE *EL AMANTE BILINGÜE* DE JUAN MARSÉ
**Konan Koffi Syntor**
A LOOK AT THE READING CONTRACT IN *EL AMANTE BILNGÜE* BY JUAN MARSÉ

57 **Марија Леонтиќ**
ОРИГИНАЛНАТА И ПРЕПЕАНАТА ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦА КАКО УМЕТНИЧКИ ДИЈАЛОГ МЕЃУ КУЛТУРИТЕ
**Marija Leontik**
ORIGINAL AND VERSIFIED POETRY FOR CHILDREN AS AN ARTISTIC DIALOGUE BETWEEN CULTURES

65 **Славчо Ковилоски**
КОРЕСПОНДЕНЦИЈАТА (ЕПИСТОЛАРИЈАТА) НА МАКЕДОНСКИТЕ ЖЕНИ ВО XIX ВЕК
**Slavcho Koviloski**
CORRESPONDENCE OF MACEDONIAN WOMEN IN THE XIX CENTURY

75 **Ранко Младеноски, Данче Стефановска**
МУЛТИПЛИКАЦИЈА НА ЛИКОВИ-ДУБЛЕТИ ВО РОМАНОТ „ТУНЕЛ“ ОД ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ
**Ranko Mladenoski, Danche Stefanovska**
MULTIPLICATION OF CHARACTERS–DUPLETS IN PETRE M. ANDREEVSKI’S NOVEL “TUNNEL”

**İvona Stoyanovska**
85 BAHRİ DİVANI ÖZELLİKLERİ
**İvona Stoyanovska**
BAHRI AND HIS DIVAN

**Gabriele Ottaviani**
93 HORCYNUS ORCA: IL NUTRIMENTO DEL VIAGGIO, LA SEDUZIONE DELLA MORTE, L’INVENZIONE DEL LINGUAGGIO PER ESPRIMERE IL SENSO PIÙ VERO DELLE COSE
**Gabriele Ottaviani**
HORCYNYS ORCA: THE NOURISHMENT OF TRAVEL, THE ALLUREMENT OF DEATH, THE INVENTION OF LANGUAGE TO EXPRESS THE MOST AUTHENTIC FEELING OF THINGS

**Lorena Lazarić**
101 PROFILO CRITICO DI MAIER SU SVEVO
**Lorena Lazarić**
MAIER’S CRITICAL PROFILE OF SVEVO

**Ana Stefanovska**
111 LO SPAZIO DELLA TRASGRESSIONE IN “L’AGNESE VA A MORIRE”
**Ana Stefanovska**
SPACES OF TRANSGRESSION IN “L’AGNESE VA A MORIRE”

**КУЛТУРА / CULTURE**

**Agnieszka Jóźwiak**
125 „SCHLESISCHE VOLKSBLÄTTER“. ZUR GESCHICHTE DER ZEITSCHRIFT
**Agnieszka Jóźwiak**
„SCHLESISCHE VOLKSBÄTTER“. TO THE HISTORY OF THE JOURNAL

**Стојанче Костов**
137 ТИПОВИ НА ОРА ВО ИСТОЧНОТО ИГРООРНО ПОДРАЧЈЕ НА МАКЕДОНИЈА
**Stojanche Kostov**
TYPES OF DANCES IN THE EASTERN DANCING AREA OF MACEDONIA

143 **Oliver Herbst**
KEIN LEBEN OHNE KLAVIER. DER PIANIST, KOMPONIST UND KLAVIERPÄDAGOGE PETER FEUCHTWANGER UND DIE STADT SEINER VORFAHREN
**Oliver Herbst**
NO LIFE WITHOUT PIANO. THE PIANIST, COMPOSER AND PIANO PEDAGOGUE PETER FEUCHTWANGER AND THE TOWN OF HIS ANCESTORS

151 **Петар Намичев, Екатерина Намичева**
ПРОСТОРНО ОБЛИКУВАЊЕ НА ОДАЈАТА ОД ТРАДИЦИОНАЛНАТА ГРАДСКА КУЌА ВО ШТИП ОД 19 ВЕК
**Petar Namicev, Ekaterina Namiceva**
SHAPING OF THE CHAMBER IN THE TRADITIONAL HOUSE OF SHTIP $19^{TH}$ CENTURY

167 **Giovanni Gualdani, Nicoletta Lepri**
NEL NOME DI MICHELANGELO: VITE E OPERE DI MICHELANGELO BUONARROTI E MICHELANGELO MERISI
**Giovanni Gualdani, Nicoletta Lepri**
IN THE NAME OF MICHELANGELO: LIVES AND WORKS OF MICHELANGELO BUONAROTTI AND MICHELANGELO MERISI

**МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY**

181 **Виолета Димова, Лилјана Јовановска**
РЕЦЕПЦИЈАТА И ЕСТЕТИКАТА НА КОМУНИКАЦИЈА ВО НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
**Violeta Dimova, Liljana Jovanovska**
RECEPTION AND AESTHETICS OF COMMUNICATION IN TEACHING MACEDONIAN LANGUAGE AND LITERATURE

189 **Marija Kusevska**
THE ROLE OF EXPLICIT INSTRUCTION IN INTERLANGUAGE PRAGMATIC DEVELOPMENT

199 **Виолета Јанушева**
ИЗБОР И ФОРМУЛАЦИЈА НА ТЕМАТА ВО ПЕТПАРАГРАФСКИОТ ЕСЕЈ И КВАЛИТЕТОТ НА ПИСМЕНОТО ИЗРАЗУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО РМ
**Violeta Janusheva**
CHOICE AND FORMULATION OF THE TOPIC IN THE FIVE-PARAGRAPH ESSAY AND QUALITY OF THE STUDENTS’ WRITTEN EXPRESSION IN RM

**ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS**

213 **Кристина Е. Крамер**
*„ЗБОРУВАТЕ ЛИ МАКЕДОНСКИ?“* ОД АВТОРИТЕ МАРИЈА КУСЕВСКА И ЛИЛЈАНА МИТКОВСКА
**Christina E. Kramer**
*„ЗБОРУВАТЕ ЛИ МАКЕДОНСКИ? DO YOU SPEAK MACEDONIAN?“* BY MARIJA KUSEVSKA AND LILJANA MITKOVSKA

217 **Марија Гркова**
ПРВИОТ РЕЧНИК НА СИНОНИМИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
**Marija Grkova**
FIRST DICTIONARY OF SYNONYMS IN MACEDONIAN LANGUAGE

**ДОДАТОК / APPENDIX**

223 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ“

CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL “PALIMPSEST”

## ПРЕДГОВОР

*Почитувани колешки и колеги,*

Големо задоволство ми е да го претставам четвртиот број на меѓународното списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања „Палимпсест“ кое беше креирано за да обезбеди место за колегите од Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, и други универзитети во Македонија и пошироко да ги публикуваат резултатите од својата научна работа во областа на лингвистиката, книжевноста, методиката и културологијата. Иако ова е само втора година од постоењето на списанието, тоа успеа да го привлече вниманието на многу автори и читатели од целиот свет.

„Палимпсест“ е вистинско меѓународно списание од најмалку три причини. Прво, се прифаќаат трудови на седум јазици: македонски, англиски, италијански, француски, германски, руски и турски. Второ, Уредувачкиот одбор е составен од 30 уредници, сите универзитетски професори, од 17 земји не само од Европа туку и од други делови на светот. Трето, трите претходни броеви на „Палимпсест“ содржат трудови од автори од многу различни земји кои придонесуваат за разноликоста на истражувањата, теоретските перспективи и гледиштата. Овој број го следи истиот тренд, бидејќи содржи 21 труд од автори од Македонија (Светлана Јакимовска, Семина Бекир, Марија Леонтиќ, Славчо Ковилоски, Ранко Младеноски, Данче Стефановска, Ивона Стојановска, Стојанче Костов, Петар Намичев, Екатерина Намичева, Виолета Димова, Лилјана Јовановска, Марија Кусевска, Виолета Јанушева, Марија Гркова), Италија (Марко Мазолени, Габриеле Отовиани, Ана Стефановска, Џовани Гвалдани, Николета Лепри), Хрватска (Лорена Лазариќ), Полска (Агнешка Јужвјак), Германија (Оливер Хербст), Канада (Кристина Е. Крамер) и Брегот на Слоновата Коска (Конан Кофи Синтор). Ова богатство од научни трудови секако придонесува за развивање и проширување на емпириското и теоретското знаење во четирите области – лингвистика, литература, културологија и методика.

Би сакала да ја изразам мојата искрена благодарност за придонесот од авторите на трудовите вклучени во овој број на „Палимпсест“. Четвртиот број, како и претходните три броја, не оставаат сомнеж дека „Палимпсест“ ќе продолжи да им нуди на своите читатели интересни и привлечни трудови и дека ќе привлекува сè повеќе и повеќе истакнати автори кои ќе придонесуваат за квалитетот на ова списание.

*Нина Даскаловска, уредник на „Палимпсест“*

## FOREWORD

*Dear colleagues,*

It is my great pleasure to present the fourth issue of the international journal for linguistic, litearary and cultural research Palimpsest which was created with the aim of providing a venue for our colleagues from Goce Delcev University and other universities in Macedonia and abroad to publish their work in the area of linguistics, literary science, teaching methodology and culturology. Although the journal is only in the second year of its existence, it has already attracted the attention of many authors and readers from all over the world.

Palimpsest is a truly international journal for at least three reasons. First, it accepts papers in seven languages: Macedonian, English, Italian, French, German, Russian and Turkish. Second, the Editorial Board is composed of 30 editors who are all university professors from 17 countries not only from Europe, but also from other regions of the world. Third, the three previous issues of Palimpsest contain papers from authors from many different countries which contribute to the diversity of research studies, theoretical perspectives and viewpoints. The present issue follows the same fashion as it contains 21 papers from authors from Macedonia (Svetlana Jakimovska, Semina Bekir, Marija Leontik, Slavcho Koviloski, Ranko Mladenoski, Danche Stefanovska, İvona Stoyanovska, Stojanche Kostov, Petar Namicev, Ekaterina Namiceva, Violeta Dimova, Liljana Jovanovska, Marija Kusevska, Violeta Janusheva, Marija Grkova), Italy (Marco Mazzoleni, Gabriele Ottoviani, Ana Stefanovska, Giovanni Gualdani, Nicoletta Lepri), Croatia (Lorena Lazarić), Poland (Agnieszka Jóźwiak), Germany (Oliver Herbst), Canada (Christina E. Kramer) and the Ivory Coast (Konan Koffi Syntor). This wealth of scientific papers certainly contributes to developing and broadening the emirical and theoretical knowledge in the four areas - linguistics, literature, culturology and teaching methodology.

I would like to express my sincere appreciation of the contributions made by the authors of the papers included in this issue of Palimpsest. The fourth issue, like the previous three issues, leaves little doubt that Palimpsest will continue to offer its readers interesting and engaging papers and that it will attract more and more prominent authors that will contribute to the quality of the journal.

*Nina Daskalovska, editor of Palimpsest*

UDC: 729(497.7)"18"

Оригинален научен труд
Original research paper

# ПРОСТОРНО ОБЛИКУВАЊЕ НА ОДАЈАТА ОД ТРАДИЦИОНАЛНАТА ГРАДСКА КУЌА ВО ШТИП ОД 19 ВЕК

**Петар Намичев**
Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија
petar.namicev@ugd.edu.mk

**Екатерина Намичева**
Европски универзитет, Република Македонија
ekaterina.namiceva@gmail.com

**Апстракт**: Во просторната организација на градската куќа во Штип, формата на одајата има значајно место во негувањето на урбаниот однос кон просторот и во негувањето на локалната градителска традиција. Одајата претставува внатрешен простор кој е создаден во функција на престој, во пригода на одбележување на верски празници, складирање на одредени покуќнински предмети, во функција на гостинска соба и простор кој се смета за репрезентативен во однос на декоративното ниво на другите простории. Вградениот мебел во ентериерот го сочинува мусандрата составена од неколку долапи и декоративни полици, миндерот за седење, таванската декорација, влезната врата, полиците и други покуќнински предмети. Според намената се нарекувала зимска и летна одаја, а најчесто се нарекувала гостинска одаја. Според интензитетот на декорација најзастапена била на мусандрите и таванската површина. Притоа значајни фактори биле географската положба, влијанието на регионалната клима и интензитетот на светлина, интензитетот на декорација во ентериерот, односот и поврзаноста на станбениот простор кон околината. Преку специфични елементи на дефинирање на градската одаја која имала можности на постојана трансформација на нејзината просторна форма и декоративна обработка, биле прифатени основните начела за градителскиот модел на куќите во периодот на 19 век.

**Клучни зборови**: *одаја, куќа, декорација, ентериер, простор, мусандра, таван.*

## Вовед

Градот Штип во 19 век има развиена урбана структура на организација во маала, со потенцирани станбени објекти кои биле одраз на развојот на станбената култура и на економскиот потенцијал на градската буржоазија. Населбата Ново Село во почетокот на 20 век имала 700 куќи и се третирала како дел од градот, со карактеристики на градската станбена архитектура (Намичев, 2014). Станбената архитектура од 19 век во Штип претставува концепт на просторна организација која е специфична за куќите од другите

градови на територијата на Македонија и на регионот на Балканот (Грабријан, 1986).

Во приземјето биле сместени економските простории, потон (патан), визба, за складирање на производи, огрев, покуќнински предмети и сл. Поголем дел од основата го зазема тремот, како преоден и комуникациски простор во приземјето и поврзувањето преку скалите со катот. Често во приземјето на куќите кои биле непосредно поставени на линијата на улицата се преградувал простор за дуќан, каде што семејството се занимавало со пекарство, трговија, занаетчиство и сл. (Томовски 1986, Нетков 1964).

На катот се групирале просториите од станбен карактер: кујната (*мутвак*), чардакот и одаите. Во однос на просторната организација на куќата во однос на положбата на чардакот, типолошки се среќава со средишен чардак поставен по длабочина на основата (куќа на ул. „Д. Влахов“ бр. 65, куќа на сем. Момчицикови, куќа на ул. „В. Прке“ бр. 11, куќа на ул. „Д. Влахов“ бр. 65), во форма на буквата Г (куќа на Т. Делипетрев, сем. Станчеви, Ново Село), чардак поставен по цела широчина (куќа на ул. „Г. Делчев“ бр. 45, куќа на сем. Мијалкови) или со неправилна и нетипична форма на чардакот во основа (куќа на З. Делипетрова). Различниот тип на основа говори за сложеноста на просторната концепција, каде што приоритет имале одаите, особено гостинската или летна одаја, која имала секогаш поволна и доминантна положба во однос на другите простории.

## 1. Просторна концепција на одајата

Формата и положбата на одајата во просторната организација на куќата во Штип има значајна улога во нејзиното функционирање. Одајата претставува внатрешен простор кој е создаден во функција на престој, во пригода на одбележување на верски празници, складирање на одредени покуќнински предмети, во функција на гостинска соба и простор кој се смета за репрезентативен во однос на декоративното ниво на другите простории. Формата на просторот произлегува од потребите на семејството. Просторниот концепт на станбената архитектура во Штип има свои законитости во однос на распоредот на просторот, каде што најчесто одајата има правоаголна форма.

**Ориентацијата** на одајата во однос на просторот на куќата е прилагодена на локацијата, во однос на улицата. Одајата најчесто се поставува на линијата на куќата кон улицата, често со исфрлени еркерни испусти, со што се зголемува квалитетот на визурата кон јавниот простор – улицата. Ориентацијата кон страните на светот, односно јужната страна, е второстепена, т.е. поврзаноста со јавниот живот, погледите кон сè она што се случува во непосредната околина. Одајата, покрај тоа што е надвисната над приземниот дел од куќата, има доминантна положба, односно поставена е на доминантно место како во внатрешната структура на просторот така и во потенцирањето од надворешната страна, со еркери, декорација на прозорците, опшиви со детали и сл.

**Прозорците** кои се поставуваат на надворешниот ѕид на челната фасада на куќата се со поголеми димензии во однос на прозорците од

преостанатите простории. Тие се групирани во една линија (често и со заедничка рамка од надвор и внатре), со што се нагласува значењето на одајата, односно препознатливоста на одајата од надворешната страна. На тој начин се обезбедува поголемо количество на дневно осветлување во одајата, со што се потенцира нејзината репрезентативна улога во просторот на куќата.

**2. Примена на мебел во одајата**

Одајата во нејзината основна функција има повеќенаменски карактер, каде што во зависност од потребите се користат различни покуќнински предмети. На тој начин просторот се трансформира од простор за престој во простор за ноќевање, за одржување на празнични веселби. За таа намена се поставуваат, односно се вградуваат долапи во процесот на изведување на конструкцијата на куќата. Долапите се појавуваат во неколку форми во зависност од големината, намената и начинот на вградување во конструкцијата на куќата.

**Долапите** во приземјето се вградуваат во ѕид од камен, со дебелина од минимум 50 см, или со сопствена конструкција од дрво со ѕид од бондручна конструкција, каде што од предната страна се поставува рамковидна дрвена конструкција која поретко се декорира.

Во просторот на одаите на катот вообичаено се групираат повеќе долапи кои се поставуваат во една линија на една од страните во одајата, кои се нарекуваат *мусандри*. Во средниот дел најчесто се оставаат украсни полици, отворени за чување на предмети . На тој начин се групираат долапите со сродна функција со еден или со повеќе простори и декоративни вратнички. Кај одредени одаи се сретнува и вградена бања (*амамџик*) која служи за одржување на хигиената, а е остаток од организацијата на одајата од османлиската куќа, пренесена во периодот на 19 век. Овие објекти се користеле од страна на населението (семејствата) кои биле доселувани од османлиската територија, а подоцна куќите биле наследени и користени од христијанското население. Елементот на бањата се користел и во периодот на 20 век, но постепено се отстранувал како елемент или не се користел активно, со новите современи концепти на живеење.

Големината на одајата се движи во димензиите на широчина и должина кај летната одаја (4,2 x 5,5 м, 4,0 x 4,40 м, 4,0 x 3,60 м, 3,3 x 3,9 м, 3,0 x 3,3 м, 4,0 x 4,90 м, 3,9 x 3,9 м, 4,2 x 5,0 м, 4,3 x 3,9 м, 3,1 x 4,60 м), односно од 9 $м^2$ до 23,1 $м^2$, или кај зимската одаја (4,5 x 3,50 м, 3,60 x 4,0 м, 5,0 x 4,30 м или 4,0 x 5,40 м), односно од 14,4 $м^2$ до 21,60 $м^2$. Вообичаено помала е површината на зимската одаја која се поставува на меѓукатот или приземјето, во однос на летната одаја која се поставува најчесто на најгорниот кат.



Слика 1
*Изглед на зимска одаја со мусандра од градска куќа (ул. „Г. Делчев“ бр. 45), Штип, 19 век*

Според намената на одајата, во однос на начинот и периодот на користење на просторот во годината, се дефинирале неколку типови. Во однос на сезонското користење во куќите кои имале по неколку одаи, се дефинира **зимска одаја** која се користи преку зимата, која се затоплува на поедноставен начин и која е најчесто поставена во приземјето, на меѓукатот или на првиот кат кај објекти со три или повеќе нивоа. Зимската одаја има помали димензии од летната одаја, има поскромна содржина во однос на застапеноста на елементи во ентериерот (долапи, мусандри, тавани и сл.), поради поедноставување на функцијата за загревање и престој преку зима. Зимската одаја има височина помала од летната одаја, со димензија: 240 см (куќа на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 32, куќа на ул. „Гоце Делчев“ бр. 45), 248 см (куќа на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 69), 264 см (куќа на ул. „Ванчо Прке“ бр. 11).




Слика 2
*Основи со организација на зимска одаја од градска куќа, Штип, 19 век*

**Летната одаја** секогаш има положба на највисокото катно ниво на куќата (првиот или вториот кат), поставена на аголна положба во основата, поради користењето на просторот со отворени прозорци во текот на летото. Летната одаја има најголема димензија од сите други одаи, со доминатна положба и зголемено ниво на декорација и вграден мебел.

Во одајата најзначајната карактеристика на повеќефункционален простор се реализира со поделба на просторот за мебел и слободна зона. Просторот за мебел, покрај вградениот мебел, содржи мебел од софра и столчиња кои се поставуваат на средината на одајата, а подоцна со пробивот на европеизацијата на просторот на станбената концепција се применуваат

маса и столици, импортирани од западните земји. Летната одаја има поголема димензија на височината на просторијата од зимската одаја: 230 см (куќа на ул. „К. Мисирков“, куќа на сем. Мијалкови, куќа на ул. „Гоце Делчев“ бр. 45), 250 см (куќа на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 32), 268 см (куќа на ул. „Ванчо Прке“ бр. 11), 338 см (куќа на ул „Крсте Мисирков“ бр. 69).



Слика 3
*Изглед на летна одаја од градска куќа, Штип, 19 век*

Висината на таванот во одајата зависи од големината на објектот односно од висинската изедначеност со другите нивоа, при што секогаш најголема таванска височина имаат одаите на највисокото ниво. Во целокупната височина на елементите во ентериерот, се поставени од височина на линија на парапетот под прозорците, каде што се поставува често **миндер**, до височина од 65, 80-90 см, каде се вградува прозорската рамка со прозорци со височина од 140 см. Над прозорците се поставува дрвена полица по должината на горната рамка. Во зависност од дебелината на таванската конструкција, односно претходно подготвениот таван со одредена форма, се добива височината до таванот на одајата.

**Мангалот**, исто така, претставува елемент од подвижниот мебел кој се поставува на средината од просторијата, и е пренесен како функционален

предмет од османлиската куќа каде што се користи за загревање на одајата, а понекогаш се користеле и за готвење. Огништето се појавува во одаите поретко, најверојатно било користено почесто во летниот период (летни одаи), додека во зимската одаја, која била директно поврзана со кујната, огништето не било неопходно.

Поврзаноста на летната и зимската одаја може да биде на исто ниво, една до друга (Николоска 2003), поврзани со просторот на чардакот, што означува приоритет на функцијата во однос на положбата во куќата. Одајата се поставува на највисокиот кат поврзана со чардакот, а се нарекувала **гостинска,** со прозорци кои биле ориентирани на три ѕида од одајата.



Слика 4

*Основи на просторна концепција на летна одаја од кат на градска куќа, Штип, 19 век*

### 3. Применета декорација во одајата

Декорацијата на одајата е формирана од елементите кои конструктивно го оформуваат просторот – на надворешните површини од вратите од мусандрата, со отворните полици, таванската површина, влезните врати, рафтовите и големиот број на текстилни рачни изработки.

### Мусандра

Мусандрата најчесто е обликувана со вратите кои се конструктивно формирани од обработени штици со геометриски правоаголни форми. Во зависност од големината на просторот на поединечните долапи и отворните

полици се формира континуирана линија на геометриски полиња во иста линија. Различната структура на обработените штици и начинот на конструктивно поврзување создава динамична композиција на декорацијата на мусандрата.



Слика 5
*Изглед и основа на мусандра од одаја (куќа на ул. „Гоце Делчев“ бр. 45), Штип, 19 век*

Притоа се издвојуваат неколку различни системи на декорирање, во зависност од разновидноста на применетите полиња и отворните полици. Се издвојуваат мусандри кај кои имаме отворни украсни полици во средишниот дел, поставени вертикално по три отвори на двете закосени страни од централниот дел на мусандрата. Отворните полици имале функција на простор за чување на украсни предмети (вазни, дрвени предмети) или предмети кои биле во секојдневна функција (кандило). На челната страна на отворите се изработуваат декоративни рамки, најчесто во плитка резба, со закривени елементи на декорација на горната страна на отворите.

**Таван**

Таванот претставува површина со најголем интензитет на примена на декоративни елементи која се надоврзува на другите елементи во одајата. Површината на таванот имала симболично значење на супериорен дел од просторот и ѝ се посветувало најголемо внимание. Елементите кои се применувале во одајата во градската куќа во Штип се слични со одаите од другите градови во Македонија од истиот период. Целокупната таванска површина е вклопена во формата на одајата, во основа со декоративна рамка која се поставува на крајните полиња на границата со ѕидовите. Притоа се формира средишна нагласена декоративна рамка во која се создава декоративна композиција од геометриски правилни и закривени елементи кои

заедно се симетрично поставени, најчесто ориентирани централно кон средишниот дел, односно кон центарот на таванската композиција.



Слика 6
*Застапеност на таванската декорација кај одаите на кат (куќа на Е. Дуковиќ), Штип, 19 век*



Слика 7
*Изглед на декорација на таван од одаја во резба (куќа на ул. „Гоце Делчев“ бр. 45, куќа на сем. Мијалкови и куќа на сем. Станчеви), Штип, 19 век*

**Врата**

Вратите во одаите, покрај основната функција на одвојување на просторот од отворениот простран чардак, според едноставната геометриска декорација, се вклопуваат со преостанатите елементи од мебелот. Најчесто се интензивно декорирани преку полињата на челната надворешна страна, со

поделба на долна и горна зона, што произлегува од конструктивниот систем на нивната изработка. Често вратата е во заедничка конструктивна врска со линијата на мусандрата, кога се поставени на иста страна на просторијата.



Слика 8
*Изглед на декорација на врата од одаја, градска куќа, Штип, 19 век*

Примената на хоризонталните **опшиви од штици** во линија на прозорците ја потенцира нивната форма и ги соединува во задничка декоративна нагласена композиција. Иако со едноставна профилирана штица, улогата на рамката е на симболичен и функционален начин да ги поврзе таванот, мусандрата и прозорците во единствена рамка и заеднички концепт на декорација.

Притоа како дополнителни елементи се поставуваат декоративни обработени **текстилни рачни обработки** кои се поставуваат на меките делови од миндрите, пердиња на прозорците и во украсните отворени полици. Покуќнинските предмети во одајата се однесувале на одржување и користење на огништето во одаите каде што било вградено чување и подготовка на храна, дневен престој, работа и спиење. Софрата, тркалезна по форма и изработена од дрво, се користела во одајата за седење околу неа. Мебелот постепено се внесувал во куќата, под влијание на западната култура и враќањето на населението од печалба, со што мебелот добил на функционалност, практичност и разновидност. (Константинов, 1992).

Начинот на декорација на одајата претставува резултат на договорот на градителската тајфа и мотивот за создавање на одредена иновативна композициска шема, преку примена на декоративни мотиви. Притоа работата на тајфите во градот, каде што се создале одредени стандардизирани барања за изведување, формирале одреден стил на декорација кој се смета како модел, при компаративна анализа со другите градови или региони. Примената и повторувањето на одредени мотиви и концепт на декорација наведува на

констатација за создавање на одреден препознатлив дизајнерски модел, што е карактеристика и за другите региони во Македонија. Интензивна декорација е забележана во одаите на куќите на имотните семејства кои припаѓале на градската буржоазија од 19 век. Одаите претставувале простор каде што била сконцентрирана примена на декорација и мотиви во просторот. Во одредени куќи се опремувале и по неколку одаи (куќа на сем. Икономови, куќа на сем. Дуковиќ, куќа на сем. Мијалкови и сл.). Иако со слични декоративни мотиви, секоја одаја имала различен концепт во просторно уредување и декорација на таванската површина. Тоа зависело од намената на одајата (гостинска, зимска, летна и сл.) и нејзината положба во просторната организација на катот.

## 4. Основните елементи на формирање на моделот на одајата

Одајата најчесто е директно поврзана со чардакот како централен простор, односно со скалите преку кои се остварува врската со тремот во приземјето, т.е. со главната порта во куќата. Нејзината положба во аголот на куќата е потребно за да биде поврзана со кујната од каде се опслужува со храна при пречекување на гости за верски празници. Во текот на летниот период одајата се поврзува со чардакот како заеднички простор.

Локалниот начин на обликување на одајата се формирал врз историска рамка на формирање на просторниот концепт на одајата од другите градски куќи во регионот. Притоа потребите на една семејна заедница биле инкорпорирани во големината на просторијата, опремата со вграден мебел кој бил потребен за нејзино оптимално функционирање (мусандра, миндер, прозорци, врата, украсни полици, рафт, декорација на таван), што според моделот и составот спаѓа во вообичаениот начин на нејзино опремување во регионот.

Големината на просторијата на одајата има димензии на доминантна просторија во однос на другите простории и во однос на целокупната површина на станбената целина. Големината на одајата се одредувала според концептот на формирање на распоредот во куќата, од страна на градителите и домаќинот. Вообичаениот модел градителите го прилагодувале на просторните потреби на семејството.

Одајата покрај кујната имала централно место во функционирањето на куќата со изразена мултифункционалност. Таа била изразена на две нивоа во однос на единствениот простор на одајата и во односот со другите простории во заедничка функционална намена (чардак, трем, кујна и сл.).




Слика 9
*Карактеристики на влијанија при организација и валоризација на вредности на просторот на градска одаја, Штип, 19 век*

Просторот на одајата се користел за време на работниот дел од денот, за домашни активности, за одмор, за пречекување на гости и сл. Притоа во текот на денот или во одредена рамка на сезонски активности во домаќинството, просторот се користел за работа. Во периодот за спиење, просторот се трансформирал со покуќнинска опрема (душеци, постелнина и сл.) со постели за спиење.

Во периодите на одржување на семејни веселби (свадби, слави и сл.) просторот се подготвувал со чистење, декорирање и поставување на додатни парчиња на мебел (столици, маси и сл.). На тој начин просторот добивал на опременост и одајата се доживувала со комплетната концепција на нејзина декорација во полн сјај. Притоа се внесувале форми на столчиња кои биле импортирани и го одразувале пробивот на европеизацијата во однос на користењето на станбениот простор.

Преку целокупниот концепт на просторот на одајата таа се одликува со изразена мултифункционалност, при што одредени елементи од мебелот или вградениот мебел добивале повеќезначна функција, прилагодени на моменталната функција на просторот. Концептот бил прилагоден на потребите на семејството при што како процес се реализирал од почетокот на градењето на куќата, преку формирањето на нејзината просторна организација

по вертикала и хоризонтала, и како одраз на нивото на примената на градската култура.

Покрај постоењето на одреден модел на одаја, со помалку или со повеќе вградени елементи, сепак одајата имала форма и според крајниот договор, односно економската моќ на домаќинот. На тој начин се оформувал одреден договор од што поизлегла и дефинираната форма на опрема на одајата, како и на целокупната просторна форма на станбениот простор. Просторниот концепт на куќата, нејзината поставеност на локацијата (на рамен терен или на терен со пад), местото за поставување или групирање на одаите, ја формирал положбата на одајата во куќата. Во просторот на катот (или највисокиот кат) одајата доминирала во најистурениот простор кон улицата, односно јавниот простор. Покрај обезбедување на природно светло, одаите се опремувале и со ламби, со што се давал акцент на просторијата, со што се создавала слика за економската моќ на семејството во градот. Посебно е обрнато внимание на нагласување на положбата на одајата со вградување на поголем број прозорци на едната страна, најчесто ориентирана кон дворот, односно во правец кон улицата.

Согледувањето на целокупниот развој и процес на трансформација на просторот на одајата покажува сочувани основни елементи на традиционалниот модел на станбен простор. Културниот капитал на жителите претставува значајна форма за создавањето и продолжувањето на негување на традиционалната форма на просторен концепт. Почитувањето на културните вредности на станбениот простор на одајата се имплемнтирани и во современото живеење, како модел на одржување на традицијата на негување на обичаите (верски, календарски и сл.). Притоа современиот концепт на станбен доминантен простор содржи елементи на традиционален код кој на регионално и локално ниво е сочуван кај населението. Негувањето на традицијата се одразува преку големината на просторот, начинот на негово користење и декорацијата на поединечни елменти од ентериерот и предметите.

Врз основа на историските податоци за формата и декорацијата на одајата потребно е да се нагласи силно изразеното влијание на регионализмот на нејзината форма и моделот на станбен објект што е резултат на:

♦ Географската положба и нивото на развој на културолошката историја на градот која се вклопува во основниот модел на концепт на поширокиот регион на Балканот;

♦ Влијанието на регионалната клима и интензитетот на светло: иако се движи во рамките на балканските стандарди, сепак има специфично влијание врз структурата на применетите елементи во просторноста и обликувањето на ентериерот.

♦ При дефинирањето на моделот на просторната структура потребно е да се нагласи просторното искуство кое произлегува од морфологијата на куќата, при што е значајно да се потенцира нејзината поврзаност со околниот пејзаж. (Groat, 2013).

**Заклучок**

Одајата во куќата од 19 век претставува витален станбен простор со оптимална функција на семејните потреби. Значењето на просторот на одајата се потенцира низ повеќевековниот развој на станбената архитектура, со дефинирани морфолошки карактеристики, каде што се издиференцирале најзначајните функционални и естетски карактеристики на просторот.

Основните димензии на просторот, висината, широчината и длабочината на просторот се дефинирани според потребите. Притоа се вклопени во бондручниот систем, од што произлегува распоредот на прозорците, поставеноста на вградените долапи на мусандрите, положбата на влезот – вратата во просторијата, положбата на полиците, а соодветно на тоа и дополнителното украсување на просторот со покуќнински елементи (пердиња, украсни предмети и сл.).

Интензивното ниво на декорација е најзастапено во одајата која просторно претставува најрепрезентативен дел од станбениот простор, на површините на таванот, мусандрите и вратата.

Целокупниот концепт на одајата добива одредени локални и регионални карактеристики, со препознатливи просторни и декоративни елементи, карактеристични за станбените простори од урбаните населби.

Сите наведени карактеристики на одајата сублимираат ниво на заклучни размислувања за значењето на одајата како дел од станбениот простор, но со повисоки вредности во однос на негувањето на градската култура, прогресивниот пристап и прифаќањето на современите елементи од европскиот начин на опрема и користење на просторот.

Просторно-декоративните особености на одајата се карактеризираат со елементи кои се применувале во регионот, со заемни влијанија од територијата на Турција, Бугарија, Албанија, Грција, Србија и др. Притоа од куќата на територијата од Турција пренесена е декоративноста и просторноста, од градската куќа во Бугарија сродноста на примената на декоративните мотиви, од куќата од Грција концептот на отвореноста на просториите кон околниот амбиент (на дворното место или улицата), од куќата од Србија преку третманот на одајата во просторната организација на куќата или со куќата од Албанија во однос на примена на интимизирање на просторот на одајата во концептот на карактеристиките на станбениот простор. Сите наведени влијанија потенцираат однос на прифаќање на одредени влијанија и заемни преземања на просторно-естетски и конструктивни елементи во рамките на регионалната архитектура на поширокото балканско подрачје. Врз онова на тоа можеме да говориме за специфични елементи на дефинирање на градската одаја која имала можности на постојана трансформација на нејзината просторна форма и декоративна обработка, каде се прифатени основните начела за градителскиот модел на куќите во периодот на 19 век, чија валоризација може да се дефинира од повеќе различни аспекти.

**Библиографија**

1. Грабријан, Д. (1986). *Македонска куќа*. Скопје: Мисла.
2. Константинов, М. (1992). *Македонци, Народите на светот*. Кн. 6. Скопје: Маринг.
3. Намичев, П., Намичева, Е, (2014). *Надворешно обликување на куќата од Ново село и Штип во контекст на македонското профано градителство од 19-от век*. Зборник на трудови. Штип: Штипско научно здружение.
4. Нетков, В. (1964). *Куќата во Ново Село штипско и сегашна состојба*. Стара градска архитектура и урбанизација на градовите, Охрид.
5. Николоска, М. (2003). *Градските куќи од 19 век во Македонија*. Скопје: РЗЗСК.
6. Томовски, К. (1986). *Штипско Ново Село, урбанизам и архитектура*. Скопје: МАНУ.

*

7. Groat, l. Wang, N. (2013). *Architectural Research method*. New Jersey: John Wiley& sons.

**Petar Namicev**
University Goce Delcev, Republic of Macedonia

**Ekaterina Namiceva**
European University, Republic of Macedonia

**Shaping Of the Chamber in the Traditional House of Shtip 19th Century**

**Abstract:** In the spatial organization of the urban house in Shtip, the form of the room plays an important role in fostering urban relationship towards the space and local building tradition. The significance of the space in the room is emphasized through many centuries of development of residential architecture with defined morphological features, where the most significant functional and aesthetic characteristics of the area are differentiated. The chamber represents interior space created with multiple functions as residence, in different occasions for religious celebrations, storage for certain household items, as guest room and representative space regarding the level of decoration in comparison with the other rooms of the house. The built-in furniture of the interior is composed of several cupboards and decorative shelves, the sitting area, ceiling decoration, door, shelves and other household items. According to the purpose it is called winter and summer room, and commonly called the drawing room. The decoration was most abundant on the musandras and in the attic area. Moreover, significant factors were the geographical position, the impact of the regional climate, the intensity of the light and decoration in the interior, the relation and connection between the housing area and the environment. The decoration is a result and depends on the group of builders and decorators and the motive for the creation of certain innovative compositional schemes. The work of the group of decorators in the city, where certain standardized requirements were created, developed certain style of decoration considered as a model in comparative analysis with other cities or regions. By defining specific elements of the room in the house that was under constant transformation of its spatial form and decoration, basic principles were accepted for the building model of housing during the 19th century.

**Keywords:** *room, house, decoration, interior space, cupboards, ceiling.*

ГОД. II
БР. 4

ПАЛИМПСЕСТ PALIMPSEST

VOL. II
NO 4